Имајќи ги во предвид претстојните локални избори во 2013 година, како и постојаната потреба од развој и зајакнување на политичката култура и дијалог, претставништвата на германските фондации Фридрих Еберт и Конрад Аденауер во Република Македонија во соработка со Институтот за меѓународно образование CIVIC по втор пат ја организираа тренинг симулацијата “Политика и преговарање – како да се справиш со интересите и компромисите во политиката”

во Хотел Алпина во Маврово, во период од 22-25 јуни 2012 година.



Оваа тренинг симулација е инспирирана од типична политичка ситуација во Европа каде различни интересни групи се натпреваруваат во остварување на поголемо влијание врз политиката и нејзините актери. Наместо поддржување на политичко ривалство и антагонизам се обидува да промовира стратегии на дијалог и можни начини за изнаоѓање политички компромис со цел разрешување на политички проблеми. Целта е учесниците да ја согледаат неопходноста од политички компромис во реалниот живот и преку симулација на преговарање да успеваат да ги надградат сопствените политички вештини и донесување на одлуки.






